Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-664/2
Датум: 30-10-2024

По претставката бр. 08 - 664/1 од 14.10.2024 година поднесена од [redacted] против ЈП Водовод и канализација - Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на ден 28.10.2024 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 664/1 од 14.10.2024 година, поднесена од [redacted] против ЈП Водовод и канализација - Скопје **заради ненадлежност**.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 14.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 664/1, поднесена од [redacted] против ЈП Водовод и канализација - Скопје.

Поднесената претставка се однесува на забраната што подносителот ја добил поради оставање негативен коментар на Фејсбук профилот на ЈП Водовод и канализација – Скопје.

Подносителот во претставката наведува дека поради многу проблеми со достава на вода, оставил изреволтиран коментар на Фејсбук профилот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, по што добил забрана за коментирање и моментално не може да пристапи до нивниот профил за да добива информации за прекини и дефекти во однос на снабдувањето со вода.

Според **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
„*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*“.

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
„*Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа*“.

По разгледување на претставката, Комисијата констатира дека во претставката е опфатен случај кој не се однесува на барање на заштита на права врз основа на дискриминаторска основа, односно барање за заштита од дискриминација, поради што адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Врз основа на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

Доколку смета дека му било повредено правото за информирање за работата на јавните претпријатија, Комисијата го упатува подносителот да се обрати до Народниот правобранител.

Скопје
30.10.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]